Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Бр. 08-1400/1

Скопје, 03. 04. 2020 година

ДО

Адвокатска

Комора на РСМ

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Почитувани,

Во судовите пред неколку години беше воспоставен **Систем за електронска достава и прием на акти во судовите,** со цел поднесување на документи до судовите по електронски пат, прием на актите и електронска достава на актите до странките преку информатичкиот систем. Досега системот функционира во една насока, при електронската достава од страна на судот кон адвокати и други лица регистрирани во системот, иако нема доволен број на регистрирани корисници.

Со оглед на новонастанатата состојба со вирусот КОВИД – 19, како и мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија за заштита и превенција од вирусот со намалување на физичкиот контакт со странки и други лица, Ве известуваме дека зголемениот број на регистрирани корисници на овој систем ќе ги намали физичките контакти


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

на судот со странките и со тоа ќе се намали ризикот за ширење на Корона вирусот. Така, судовите ќе можат на поголем број корисници да ја вршат е-доставата на судските акти во една насока.

За таа цел, Ве молиме да ги известите вашите организациони единици/ членови/корисници доколку не се регистирани како корисници на системот, тоа задолжително да го направат на следниот линк: https://edostava.sud.mk, согласно дадените упатства на линкот и да обезбедат соодветен дигитален сертификат.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Рената Дескоска

Доставено и до:

- Министерство за внатрешни работи
- Заедница на локална самоуправа
- Јавно обвинителство на РСМ
- Адвокатска комора
- Комора на извршители
- Нотарска комора
- Комора на медијатори

На запознавање доставено и до:

- Судскиот совет на РСМ
- Врховниот суд на РСМ

Подготвиле: Славица Жерајиќ, раководител на одделение
Николина Микеска Костадиновска, раководител на одделение

Одобрил: Никола Прокопенко, државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification